# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО


| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба-Издавач: Општина Куманово-Тел. 423-505 - Одговорен уредник Марија Крстевска | Година LXII Број 9 Куманово 06 јули 2018 год. | Претплата за 2017 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


437.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09-4416/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4569/1
05 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

438.

Врз основа на член 80 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

О Д Л У К А

**за изменување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Куманово**

Во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 5/15, 5/16, 16/17 и 7/18), се вршат следните измени и дополнувања:

Член 1

По член 24 став 1, во поднасловот „Тераси, шанкови, покривачи и настрешници“, зборот „покривачи“ се брише.

Член 2

Во член 25, ставот 3 се брише.

Член 3

Во член 26, став 1, по зборот „чадори“, зборот „покривачи“ се брише.

Во истиот член, во став 2, по зборот „столици“, зборот „покривачи“ се брише.

Член 4

Во член 28 став 1, по зборот „тенди“, зборот „покривачи“ се брише.

Член 5

Во член 30, ставот 5 се брише.

Член 6

Во член 31, ставот 1 се менува и гласи:

„Настрешница е монтажно-демонтажен елемент кој се поставува без или со столбови и истиот може да биде отворен или затворен со граничници-прегради.“

Член 7

Во член 38, став 4, по зборот „преграда“ се додаваат зборовите „која може да почне и од котата на подот“, а останатиот дел од ставот се брише.

Член 8

Во член 14, по став 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„Урбана опрема во Касапски Круг, Соколана и Занаетчиски Дом, ќе се поставува со посебни услови.“

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4416/5
04 јули 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

439.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“, „Канал 2“ и „Канал 3“ низ село Романовце, опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“, „Канал 2“ и „Канал 3“ низ село Романовце, опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце - Општина Куманово, Бр. 09-4416/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4570/1
05 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

440.

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите („Службен весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

О Д Л У К А
**за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“, „Канал 2“ и „Канал 3“ низ село Романовце, опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце - Општина Куманово**

член 1

Со оваа Одлука се определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“ од стационажа Т1-0+000,0 до Т2-2+030,05 дефиниран со координати од Т1 (x-7557728,89 y-4659826,036) до Т2 (x-7557540,88 y-4661780,95), „Канал 2“ од стационажа

Т2-0+000,0 до Т3-0+306,8 дефинирани со координати од Т2 (х-7557540,88 У-4661780,95) до Т3 (х-7557306,92 у-4661897,11), и „Канал 3" од стационажа Т2-0+000,0 до Т3-0+321,74 дефинирани со координати од Т2 (х-7557540,88 у-4661780,95 до Т3 (х-7557269,05 у-4661657,45) низ село Романовце опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце – Општина Куманово.

член 2

Ширината на крајбрежниот појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1" опфатен во Урбанистички план за село Романовце од крајната линија на регулацијата на каналот ќе изнесува 7 метри, ширината на крајбрежниот појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 2" опфатен во Урбанистички план за село Романовце од крајната линија на регулацијата на каналот ќе изнесува 7 метри, ширината на крајбрежниот појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 3" опфатен во Урбанистички план за село Романовце од крајната линија на регулацијата на каналот ќе изнесува 5 метри.

член 3

Предлог – Одлуката е одобрена од Комисијата за урбанизам назначена со Решение бр. 08-7889/1 од 21.11.2017 година од Градоначалникот на Општина Куманово, и за истата е добиена Согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.11-1708/2 од 29.05.2018 год.

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4416/6 Совет на Општина Куманово
04 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

441.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност деловните простории сопственост на Општина Куманово кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист бр. 80110 КО Куманово да се дадат под закуп со електронско јавно наддавање**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност деловните простории сопственост на Општина Куманово кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист бр. 80110 КО Куманово да се дадат под закуп со електронско јавно наддавање, Бр. 09-4416/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4571/1 Градоначалник
05 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

442.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), а во врска со член 67 став 1 и член 67-а од Законот за изменување и дополнување на Заканот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност деловните простории сопственост на Општина Куманово кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист бр. 80110 КО Куманово да се дадат под закуп со електронско јавно наддавање**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност Општина Куманово преку Комисија за недвижни и движни ствари да спроведе постапка за давање под закуп деловни објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни дејности во површина од 179 м2 и 30 м2, кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист број 80110 КО Куманово.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4416/7 Совет на Општина Куманово
04 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

443.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за апликација, реализација и кофинансирање на проектот „КПК авантура - атракција и култура“**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за апликација, реализација и кофинансирање на проектот „КПК авантура - атракција и култура“, Бр. 09-4416/8, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4572/1
05 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

**444.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за апликација, реализација и кофинансирање на проектот „КПК авантура - атракција и култура”**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност за апликација, реализација и кофинансирање на предлог проектот „КПК авантура - атракција и култура”, со кој Општина Куманово ќе аплицира на Проект за локална и регионална конкурентност (ПЛРК), финансиран од Европска унија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), согласно Вториот повик за поднесување на предлози „Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзани во дестинациите” бр. LRCP-1/18 од 16 март 2018 година.

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност за апликација, имплементација и реализација на целите на проектот, најмалку 5 (пет) години по завршувањето на проектот, како и согласност за кофинансирање на проектот „КПК авантура - атракција и култура” во износ од 12% проценти од вредноста на проектот, што ќе биде обезбеден од Буџетот на Општина Куманово.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-4416/8
04 јули 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**445.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"), член 62, став 6 и член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард („Службен весник на Р.М., Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за констатирање престанок на мандат на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово

1. Мандатот на вршител на должност-директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ"-Куманово, **Љубица Павловски,** престанува поради истекот на периодот на мандатот за кој е избран, заклучно со 20.06.2018год.
2. Со донесување на ова Решение, престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-7063 од 21.12.2017 год.;
3. Решението стапува во сила со 21.06.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-7063 од 21.12.2017 година, Љубица Павловски беше избрана за вршител на должност – Директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово, со мандат до 6 месеци. Согласно одредбите од Законот за ученички стандард за периодот на траењето на мандатот на вршител на должност – директор на општински ученички дом и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-8222
21 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

446.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"),член 62, став 6 и член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард („Службен весник на Р.М., Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување на вршител на должност - директор на**
**Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово**

1. За вршител на должност - директор на Јавна установа – Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово, **СЕ ИМЕНУВА Љубица Павловски**, ВСС, воспитувач во именуваната јавна установа.
2. Мандатот на вршител на должност -директор на јавна установа од точка 1, трае до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со 21.06.2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово беше констатиран престанок на мандатот на вршител на должност – Директор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ" – Куманово, поради истек на периодот на мандатот. Согласно член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност – Директор, од редот на вработените во ученичкиот дом. Поради незавршената постапка за избор на директор на ученичкиот дом, а постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>Упатство за правно средство</u>: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-8222
21 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

447.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 132 став 1, член 135 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М." бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11,

6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), и Предлог на кандидат за директор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово Бр.03-160/1 од 28.06.2018 год., наш арх.бр.08 УП1-7023 од 29.06.2018, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање на престанок на мандат на вршител на должност -директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес “ с.Лопате - Куманово**

1. Мандатот на вршител на должност – директор на Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате - Куманово, **Шпенд Мухтари**, престанува поради избор на директор на ова училиште;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08-УП1-396 од 09.01.2018 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, Бр.08 УП1 -396 од 09.01.2018 година, Шпенд Мухтари беше избран за вршител на должност– директор на ООУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате – Куманово, со мандат до 6 месеци.

Согласно горенаведеното, како и одредбите од Законот за основно образование за периодот на траењето на мандатот на В.Д. -директор на основно училиште и за надлежностите на Градоначалник на Општина, како и завршената постапка по јавен оглас за избор на директор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате- Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-396
04 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски,с.р.

448.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02) член 132 став 1 и 14 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Р.М., бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и Предлог на кандидат за директор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово Бр.03-160/1 од 28.06.2018 год., наш арх.бр.08 УП1-7023 од 29.06.2018 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес“ с.Лопате - Куманово**

1. **СЕ ИЗБИРА Шпенд Мухтари** за директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес“ с.Лопате - Куманово;
2. Мандатот на директор од точка 1 на ова Решение, трае четири години;
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-7023 од 29.05.2018 година, Училишниот Одбор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате – Куманово, објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште. По спроведена претходна постапка согласно член 132 од Законот за основно образование, Училишниот Одбор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате – Куманово до Градоначалникот на Општина Куманово достави предлог на еден кандидат за избор на директор на ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате- Куманово (Бр.03-160/1 од 28.06.2018 година, заведен во деловодниот протокол на Општина Куманово под бр. 08 УП1-7023 од 29.06.2018 година), и тоа за Шпенд Мухтари, кој е единствениот пријавен кандидат на огласот. Констатирајќи дека претходната постапка е водена согласно закон, како и утврдувајќи дека предложениот кандидат ги исполнува условите за директор на општинско основно училиште, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 8 дена од добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08-УП1-396 Градоначалник
04 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

449.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 126, став 1, алинеа 7, член 132, став 3 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Р.М., Бр. Бр.103/08, 48/09, 82/09, 88/09, 33/10. 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**

**Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“- Куманово**

1. Училишниот одбор на Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“– Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;

2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на основно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.

3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го

зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.

5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-8937 Градоначалник
04 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

**450.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 126, став 1, алинеа 7, член 132, став 3 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Р.М., Бр. Бр.103/08, 48/09, 82/09, 88/09, 33/10. 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**

**Општинско Основно Училиште ,,Браќа Рибар“ с.Табановце- Куманово**

1. Училишниот одбор на Општинско Основно Училиште „Браќа Рибар“ с.Табановце– Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;

2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на основно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.

3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.

5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-8939 Градоначалник
04 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

451.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**

**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 09-4416/3, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4567/1 Градоначалник
05 јули 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

**452.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 02-804/2, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 25.06.2018 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-4416/3 Совет на Општина Куманово
04 јули 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

453.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година, Бр. 09-4416/4, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 04 јули 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4568/1
05 јули 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

454.

Врз основа на член 69 став 1 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 04 јули 2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4416/4
04 јули 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


**437.** Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на ОпштинаКуманово..............................

**438.** Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Куманово......

**439.** Заклучок за објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“, „Канал 2“ и „Канал 3“ низ село Романовце, опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце - Општина Куманово
..............................................................

**440.** Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек суводолица Бучар – „Канал 1“, „Канал 2“ и „Канал 3“ низ село Романовце, опфатен со планска документација Урбанистички план за село Романовце - Општина Куманово
..............................................................

**441.**Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност деловните простории сопственост на Општина Куманово кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист бр. 80110 КО Куманово да се дадат под закуп со електронско јавно наддавање...........................................

**442.**Одлука за давање согласност деловните простории сопственост на Општина Куманово кои се наоѓаат на КП 19555/1 запишани во Имотен лист бр. 80110 КО Куманово да се дадат под закуп со електронско јавно наддавање
..........................................

**443.**Заклучок за објавување на Одлука

417

417

418

419

420

420

421

444. Одлука за давање на согласност за апликација, реализација и кофинансирање на проектот „КПК авантура - атракција и култура”............................................. 421

445. Решение за констатирање престанок на мандат на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово............................................. 422

446.Решение за именување на вршител на должност - директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово............................................. 423

447.Решение за констатирање на престанок на мандат на вршител на должност –директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес “ с.Лопате – Куманово…….…..................... 423

448.Решение за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Битолски Конгрес“ с.Лопате – Куманово……………………..................... 424

449. Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Крсте Мисирков“- Куманово................................................ 425

450. Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште ,,Браќа Рибар“ с.Табановце- Куманово ……….

451. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп .............................. 426

452.Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за утврдување на недвижна ствар која треба да биде предмет на јавно наддавање за издавање под закуп .............................. 426

**453.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година........................ 427

**454.** Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово и на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Куманово за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година .................................................. 428